# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИЈА НА ЕКОНОМСКАТА МИСЛА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1202-240/53 од 20.10.2016 година донесена на 127. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултетот, одржана на 20.10.2016 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област историја на економската мисла на Економски факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- **д-р Трајко Мицески**, редовен професор, наставно-научна област менаџмент и финансии - **претседател**;
- **д-р Тодор Тодоров**, редовен професор, наставно-научна област историја на економската мисла - **член**;
- **д-р Димко Димков**, редовен професор, наставно-научна област историја на економската мисла – **член**.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 23.10.2016 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатот:

- д-р Круме Николоски, вонреден професор, вработен како вонреден професор по историја на економската мисла на Економски факултет – Штип при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р. Македонија.

Врз основа на прегледот на приложената документација од кандидатот, до Наставно-научниот совет на Економски факултетот имаме чест да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Круме Николоски** е роден на 29 август 1973 година во Скопје. Магистрира и докторира на Универзитетот за национално и светско стопанство во Софија, Република Бугарија. Кандидатот Круме Николоски се стекнал со научен степен доктор на економски науки. Докторатот е изработен од областа на економијата на тема „Состојба и перспективи на индустриските односи во Република Македонија“. Дипломата на кандидатот со стекнат научен степен доктор на економски науки е нострифицирана и за истата има приложено соодветна документација. За време на постдипломските студии, кандидатот добива стипендија од страна на Министерството за наука на Република Македонија за научни дисциплини што не се изучуваат и не се доволно развиени во матичната земја. Од 2002 до 2004 година работи во Државниот завод за статистика на Република Македонија во Секторот за социјални статистики. Неговата позиција била советник во Одделението за наука, образование и технологии. Исто така, ја извршува и функцијата - државен инструктор и стручен соработник во спроведување на Пописот во 2002 година. Во овој временски интервал, главните активности и одговорности се однесувале на неговите самостојни научно-статистички истражувања, како што се: изработка на публикации за запишани и дипломирани студенти на факултетите и високите стручни школи во Република Македонија; изработка на публикации за магистри и доктори на науки на факултетите во Република Македонија; изработка на публикации за структурата на наставниот персонал на факултетите и високите стручни школи и изработка на месечни извештаи и соопштенија.

Во периодот од 2007 година до денес работи на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип. Круме Николоски е избран од Матичната комисија за основање на Универзитетот „Гоце Делчев”– Штип врз основа на Конкурс од 12 април 2007 година за научната област историја на економската мисла. Врз основа на ова е склучен Договор бр.907 од 8.6.2007 година за

вработување врз основа на член 13, 14, 15, 16 од Законот за работни односи (Сл.весник на РМ 62/05). Неговата позиција е избор во наставно-научното звање доцент на Економски факултет – Штип. Во исто време ја извршува функцијата како раководител на Катедрата за економија. Исто така, од 2011 година ја извршува и функцијата продекан за настава. Професорот Круме Николоски активно учествува во планирање, утврдување и развој на високообразовната дејност. Имено, како продекан за настава во континуитет се преземаа мерки за унапредување на квалитетот на образование и заштита на стандардот на студентите и вработените. Во тој временски период од четири години, д-р Круме Николоски учествува во изработката на: информатори за наставните програми на Економски факултет – Штип; изработка на дискриптори и додаток на диплома за сите наставни програми на Економски факултет – Штип и изработка на Елаборат за евалуација на Економски факултет – Штип. Тој во исто време е беше и секретар за постдипломски студии.

Имајќи ја предвид научната и образовната дејност, кандидатот д-р Круме Николоски е ангажиран во неколку научни области, особено од областа на економиските и организациските науки. Сето ова се однесува за реализација на наставниите програми за прв, втор и трет циклус на студии. Понатаму, д-р Круме Николоски е избран за наставник во наставно-научно звање *вонреден професор* на Економски факултет од 23.5.2012 година до 23.5.2017 година, со Одлука бр. 1702-133/10 од 25.5.2012 година. Исто така, до денес кандидатот е член на Сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

***Законски и подзаконски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

- Вонреден професор за научната област во која се избира (избор во звањето вонреден професор по историја на економската мисла на 23.5.2012 година со Одлука бр. 1702-133/10 од Економски факултетот при Универзитет „Гоце Делчев”- Штип);
- Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации (списанија индексирани во базите Thomson Reuters, SCOPUS, EBSCO или IC, без фактор на влијание);

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Nikoloski, Krume** (2016) | *The new classical economy and counter-revolution of the monetarism* | Universitatea “Constantin Brâncuşi” din Târgu-Jiu (3). pp. 206-211. ISSN 1844 – 7007 | (Од 2007 година, on line архива); (Indexed in EBSCO) |
| 2 | **Nikoloski, Krume** (2016) | *Neoclassical economics: some Marshallian insights* | Universitatea “Constantin Brâncuşi” din Târgu-Jiu. Issue 5/2016, ISSN 1844-7007 | (Од 2007 година, on line архива); (Indexed in EBSCO) |
| 3 | **Nikoloski, Krume** (2016) | *Society of knowledge and entrepreneurial economy: some views of Drucker* | Universitatea “Constantin Brâncuşi” din Târgu-Jiu. ISSN 1844-7007 | (Од 2007 година, on line архива); (Indexed in EBSCO) |
| 4 | **Nikoloski, Krume** and Aleksoski, Ognen and Petrusheva, Borka (2015) | *Economic thought through the prism of new keynesian economics* | Annals of the „Constantin Brâncuşi” University of Târgu Jiu, 1 (1). pp. 17-21. ISSN 2344 3685 | (Од 2007 година, on line архива); (Indexed in EBSCO). |
| 5 | **Nikoloski, Krume** and Paceskoski, Vlatko (2015) | *Contemporary trends in the world trade* | Universitatea “Constantin Brâncuşi” din Târgu-Jiu, 6. pp. 21-26. ISSN 1844 – 7007 | (Од 2007 година, on line архива); (Indexed in EBSCO) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | **Nikoloski, Krume** and Miceski, Trajko and Paceskoski, Vlatko (2015) | *The impact of the capital on the economic development of the developing countries* | Universitatea "Constantin Brâncuşi" din Târgu-Jiu, 6. pp. 76-81. ISSN 1844-7007 | (Од 2007 година, on line архива); (Indexed in EBSCO) |
| 7 | **Nikoloski, Krume** and Paceskoski, Vlatko and Panova, Sanja (2016) | *Effects of the application of targeting the exchange rate policy in Macedonia* | Annals of the „Constantin Brânc uşi" University of Târgu Jiu, Economy Series, Issue 1/2016. ISSN 1844-7015 | (Од 2007 година, on line архива); (Indexed in EBSCO) |
| 8 | Gorgieva-Trajkovska, Olivera, **Nikoloski, Krume** and Koleva, Blagica and Georgieva Svrtinov, Vesna (2016) | *The role of corporate governance in transition economies: contribution and development* | Universitatea "Constantin Brâncuşi" din Târgu-Jiu, Issue 5/20166, ISSN 1844-7007 | (Од 2007 година, on line архива); (Indexed in EBSCO) |

Издаден универзитетски учебник по предметот Историја на економската мисла, кој припаѓа во соодветната научна област ва која се врши избор, објавен во е-библиотека (http://e-lib.ugd.edu.mk/538);

- Има учество во научноистражувачки проект како раководител и истражувач, (наведен подолу во извештајот);
- Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници;
- Кандидатот покажува способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност во однос на следење на модернизацијата во остварувањето и реализирањето на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии;
- Кандидатот има добиено позитивна оцена од самоевалуацијата.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидат д-р Круме Николоски е избран од Матичната комисија за основање на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип врз основа на Конкурс од 12 април 2007 година за научната област историја на економската мисла. Врз основа на Конкурсот е склучен Договор бр. 907 од 8.6.2007 година за вработување врз основа на член 13, 14, 15, 16 од Законот за работни односи (Сл. весник на РМ 62/05). Со формирањето на Економскиот факултет, неговата позиција е изборот во наставно-научното звање *доцент* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Понатаму, д-р Круме Николоски е избран за наставник во наставно-научно звање *вонреден професор* на Економскиот факултет од 23.5.2012 до 23.5.2017 година, со Одлука бр. 1702-133/10 од 25.5.2012 година.

Д-р Круме Николоски активно учествува во планирање, утврдување и развој на високообразовната дејност на Економски факултет – Штип. Од 2007 година ја извршува функцијата раководител на Катедрата за економија. Понатаму, од 2011 година ја извршува и функцијата продекан за настава. При извршување на функцијата продекан за настава во континуитет преземал мерки за унапредување на квалитетот на образование и заштита на стандардот на студентите и вработените. Во тој временски период од четири години, д-р Круме Николоски учествува во изработката на: информатори за наставните програми на Економски факултет – Штип; изработка на дискриптори и додаток на диплома за сите наставни програми на Економски факултет – Штип и изработка на Елаборат за евалуација на Економски факултет – Штип. Тој во исто време е беше и секретар за постдипломски студии.

Како што истакнавме претходно, кандидатот д-р Круме Николоски извршува професионални активности во насока на реализирање на наставните програми за прв, втор и трет циклус студии. Во контекст на ова има одржано настава по предметите од прв

циклус на студии: Историја на економска мисла, Основи на економија, Јавно здравство, Здравствена економија, Менаџмент на здравствено-информациони системи, Финансирање на здравствена заштита, јавно здравствена политика. Изработени се скрипти по посочените предмети и одржани се предавања според наставната програма.

Истакнуваме дека проф. д-р Круме Николоски и понатаму е ангажиран на прв циклус студии по предметите: Историја на економска мисла, Основи на економија, Микроекономија, Макроекономија, Економика на претпријатие, Монетарна економија, но исто така има преземено ангажмани и на втор и трет циклус студии на Економски факултет - Штип по предметните области: Напредна економија, Микроекономски принципи, Здравствена економија и Менаџмент на здравствено-информациски системи, како и Деловно работење на трет циклус студии. Проф. д-р Круме Николоски има плодна научноистражувачка работа. Во однос на неговиот ангажман има преземено активно учество во планирање, утврдување и развој на високообразовната дејност. Исто така, во однос на неговиот ангажман, кандидатот е ментор на студиски програми на Економски факултет, односно е ментор за изработка на тема за дипломски труд и ментор за изработка на тема на магистерски труд. Кандидатот е член на многубројни рецезентски комисии формирани на Економски факултетот за поднесување на реферат за избор на наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штрип (од 2007 година - до денес). Покрај овие активности, кандидатот е рецезент на скрипти, практикуми, учебници и монографии, како и рецезент на трудови во зборник. Имено, кандидатот покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност.

Проф. д-р Круме Николоси е раководител на универзитетски научноистражувачки проект под наслов „Влијанието на квалитетното финансиско известување и корпоративно управување врз ефикасноста на инвестициите и пазарот на капитал во РМ“.

Врз основа на изложеното, како Комисија, неопходно е да истакнеме дека проф. д-р Круме Николоски поседува квалитетни организациски способности и вештини коишто ги докажа во практиката и секојдневното работење. Станува збор за личност со одлични комуникациски и презентациски вештини, професионалност и максимална ангажираност во пренесувањето на знаење на неговите студенти, поседување на социјална одговорност, скромност и коректност.

Исто така, Комисијата оценува дека при неговата научноистражувачка работа, кандидатот придонесува за осознавање и истражување на движењата на современите општествено-економски процеси ги анализира истите и ги следи поновите трендови во соодветните области, користејќи ја научната методологија и потоа ги трансферира овие знаења во неговата наставно-образовна работа.

Во овие рамки од особено значење е да ја истакнеме плодната наставно-образовната активност која се должи на педагошките и очигледните остварувања на кандидатот коишто се од важност за утврдување и исполнување на условите за избор во соодветното звање.

***Објавени научни и стручни трудови помеѓу двата избора (2012 - 2016)***

Како што може да се види од приложената документација, проф. д-р Круме Николоски учествува на повеќе научни собири, конференции, симпозиуми, конгреси кои се одржувале во земјава и во странство. Кандидатот продуцира и објавува научни и стручни трудови во областа на историјата на економската мисла, конкретно во областа на економијата и економските теории. Имено, има објавувано трудови во релевантни меѓународни списанија кои се индексирани во базата EBSCO и трудови во меѓународни научни и стручни списанија.

– **Трудови објавени во меѓународно списание референцирано во базата на EBSCO**

**Nikoloski, Krume** (2016). ***The new classical economy and counter-revolution of the monetarism.*** Universitatea “Constantin Brâncuşi” din Târgu-Jiu (3). pp. 206-211. ISSN 1844 – 7007. (Indexed in EBSCO).

URL: http://www.utgjiu.ro/revista/?page=curent

Во овој труд авторот ги анализира карактеристиките на монетаристичката позиција. Имено, од аспект на историјата на економските теории, новата класична економија како школа на економската мисла е развиена врз основата на монетаризмот во текот на 70-

тите и 80-тите години на минатиот век. Монетаризмот како екстремна монетаристичка формулација својата златна ера ја имаше кога беше потребно да се одржи паричната маса прилично стабилна, којашто ќе се зголемува секоја година помалку, главно, за да се овозможи природен растеж на економијата. Понатаму, во трудот авторот се навраќа на кејнзијанската економија којашто започнала да ја истиснува класичната теорија, а истата беше предизвикана од Кејнзијанска економија, којашто исто така се покажа дека не одговара на економијата во 70-тите години на минатиот век. Според моделот на Кејнз нестабилната агрегатната побарувачка предизвикува нестабилност на пазарните економии. Прекумерната агрегатната побарувачка и инфлацијата предизвикуваат експанзи, а недоволната агрегатната побарувачка и невработеноста предизвикуваат рецесии. Решението се гледа во корекцијата на флуктуациите во приватниот пазар, односно преку забавување на агрегатната побарувачка за време на експанзија и преку зголемување на агрегатната побарувачка за време на рецесија. Кејнзијанска политика немаше предлози за актуелните економски проблеми. Едни користеа експанзивна политика за борба против невработеноста и по цена на влошување на инфлација, а други користеа рестриктивна политика за борба против инфлацијата и по цена на влошување на невработеноста. Од историска гледна точка, во тоа време, одредена група на макроекономисти, предводена од Милтон Фридман, како екстремна монетаристичка формулација ја предизвикале кејнзијанската економска мисла. Во однос на ова тврдење, подоцна низ историјата, се покажало дека функционира толку добро, што тие не биле во можност значително да влијаат на економската теорија и владината политика.

**Nikoloski, Krume** (2016). ***Neoclassical economics: some Marshallian insights***. Universitatea “Constantin Brâncuşi” din Târgu-Jiu. ISSN 1844-7007. (Indexed in EBSCO).
URL: http://www.utgjiu.ro/revista/?page=curent

Во труд, придонесот на авторот е насочен кон анализата на теориите на понудата, побарувачката и рамнотежата. Станува збор за неокласичната економија, односно за економскиот мислител Алферд Маршал којшто е кратор на анализираните теории. Од историска перспектива, овие економски теории што се предмет на елаборација во овој труд важат и до ден-денес во современите услови на пазарна економија. Алферд Маршал со неговото вкупно творештво се јавува во улога на основоположник на микроекономијата. Неговото учење влегува во основите на микроекономијата и на неокласичната (неолибералната) школа. Во трудот се истакнува значењето на Маршаловото творештво за економската наука. Ј. Шумпетер вели дека тоа е бесмртно и дека Маршал не е само голем техничар, учен историчар, сигурен пронаоѓач на хипотези, туку пред сè е голем економист. Од научен аспект, тој ја изучувал и анализирал проблематиката на производството, распределбата, размената и потрошувачката од аспект на поединците, домаќинствата и фирмите и секако ги поставил и основите на парцијалната анализа.

**Nikoloski, Krume** (2016). ***Society of knowledge and entrepreneurial** economy: some views of Drucker*. Universitatea “Constantin Brâncuşi” din Târgu-Jiu. Issue 5/2016**,** ISSN 1844-7007. (Indexed in EBSCO).
URL: http://www.utgjiu.ro/revista/?page=curent

Од аспект на исоријата на економскта мисла трудот ги актуализира економските мисли и видувања на Питер Дракер поврзани со општествона знаење и претприемачкото општество. Во трудот ќе бидат елаборирани неговите тврдења кои се однесуваат на транформацијата на капитализмот и на карактеристиките за новото општество. Конкретно се анализираат некои видувања на Дракер за претприемачите и претмриемачката економија, како и за иновациите во општеството. Главен акцент во трудот се става на концептите и теориите за претприемачката економија. Главната мотивација, дека теориите се извор на нови идеи, а секоја теорија го надградувала и ги менувала деловите на веќе постоечките теории. Од овие причини, во трудот се разработуваат теориите и концпциите поврзани со општество на знаења и претприемничката економија. Во однос на претприемништвото, Дракер настојува да даде поконкретно и пошироко негово објаснување. Дракер истакнува дека економијата во 70-тите години на 20 век се трансформирала од „менаџерска” во претежно

„претприемничка економија”. Врз таа основа и паралелно со таквата трансформација се гради претприемничко општество.

**Nikoloski, Krume** and Aleksoski, Ognen and Petrusheva, Borka (2015). ***Economic thought through the prism of new keynesian economics***. Annals of the „Constantin Brâncuşi” University of Târgu Jiu, 1 (1). pp. 17-21. ISSN 2344 3685. (Indexed in EBSCO).

URL: http://www.utgjiu.ro/revista/?page=curent&nr=2015-...

Во трудот се елаборира теоријата на новите кензијанци. Станува збор за помодерен начин на одредување на тоа колку брзо платите и цените се приспособуваат. Теоријата вели дека платите и цените се лепливи. Ова во основа значи дека овие ставки се во можност побрзо да се приспособат на флуктуациите во економијата. Исто така, во трудот се потенцира дека оваа теорија помага во објаснувањето и на други фактори поврзани со целокупната економија, како што се влијанието на федералните монетарни политики и недоброволната невработеност. Станува збор за економска мисла на модерното макроекономско училиште којашто еволуирала од класичната Кејнзијанска економија. Оваа ревидирана теорија се разликува од класичната кејнзијанска мисла во однос на тоа колку брзо цените и платите се приспособливи. Новите кејнзијански поборници тврдат дека цените и платите се „лепливи“, што значи дека тие се приспособуваат побавно на краткорочните економски флуктуации. Понатаму, во трудот авторите ги истакнуваат клучните економски мисли на новата кензијанска економија. Имено, според новите кензијанци, реалниот свет се карактеризира со бројни тешкотии за координација и влијанија на екстерните шокови. И, новите кејнзијанци даваат одговор на следниве две прашања: дали парите се неутрални и дали важи теоретскиот постулат дека реалните пазарни имперфектности се клучни за разбирање на економските флуктуации.

**Nikoloski, Krume** and Paceskoski, Vlatko (2015). ***Contemporary trends in the world trade.*** Universitatea “Constantin Brâncuşi” din Târgu-Jiu, 6. pp. 21-26. ISSN 1844 – 7007. (Indexed in EBSCO).

URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14974

Во трудот акцентот на истражување е ставен на актуелните состојби и трендови во меѓународната трговија. Исто така, ќе бидат имплемемнтирана анализа за условите на размена во светската економија. На крај се даваат препораки, насоки и сугестии за зголемување на ефектите и корисностите од меѓународната трговија за помалку развиените земји. Интензивниот пораст на меѓународната стоковна размена во светот е резултат на влијанието на повеќе фактори од развојот на светската економија и истите се систематски елаборирани. Од историска гледна точка, станува збор за условите на меѓународната размена, а од исклучителна важност е да се разгледа и проучи структурата на светскиот увоз и извоз на стоки, како и измените што оваа структура ги претрпе во текот на светскиот економски развој. Врз основа на претходно изнесените анализи во трудот се констатира дека во актуелниот меѓународен трговски систем, управуван и регулиран од СТО, земјите во развој имаат секундарна позиција. Всушност, тоа се манифестира преку маргиналното учество на помалку развиените земји во меѓународната трговија. За да се подобри ваквата состојба на ЗВР во меѓународната трговија, развиените земји треба да престанат да вршат притисок врз земјите во развој од една страна, да дозволат за помалку развиените земји, флексибилност тие сами да избираат до кој степен ќе го либерализираат индустрискиот сектор од друга страна. Доколку развиените земји не покажат волја ги задоволат барањата на овие земји, тогаш тие ќе мора да ја преземат одговорноста пред институционалниот состав (СТО) за непочитувањето на еднаковиот и рамноправен режим во меѓународната трговија.

**Nikoloski, Krume** and Miceski, Trajko and Paceskoski, Vlatko (2015). ***The impact of the capital on the economic development of the developing countries.*** Universitatea “Constantin Brâncuşi” din Târgu-Jiu, 6. pp. 76-81. ISSN 1844-7007. (Indexed in EBSCO).

URL: http://www.utgjiu.ro/revista/?page=curent

Во овој труд, со посебната важност и акцент се става на капиталот, а капиталот како фактор за економскиот развој на помалку равиените земји произлегува од неговата ограничениост кај овие земји. Од историјата и емпиријата е познато дека капиталот е еден од круцијалните фактори за економскиот развој на секоја национална економија, а посебно за земјите во развој. Всушност, тргнувајќи од тука, во овој труд предмет на анализа е улогата и значењето на капиталот за економскиот развој со посебен осврт врз ЗВР. Односно се анализирани следните проблеми: што треба да преземат развиените земји во насока на поквалитетно финансирање на општествено економскиот развој на ЗВР и значењето на капиталот за економскиот развој. Анализирани се структурата и формите на трансфер на капитал од развиените кон ЗВР. Исто така, акцент е ставен на официјалната помош што треба да ја издвојуват развиените земји за развој на помалку развиените земји. Од друга страна, имајќи ја предвид ограниченоста на овие земји со капитал во трудот посебно ќе биде назначено значењето на акумулацијата на капиталот. Бидејќи во многу случаи нивниот развој е непосредно поврзан со индустријализацијата преку акумулацијата на капиталот. Земјите во развој во иднина треба да се стави акцент на важноста на акумулација на капитал и да ја потенцира потребата од зголемување на своето ниво, односно на зголемување на степенот на акумулација на капиталот. И на крај, во трудот се констатира дека ефикасноста во користењето на капиталот зависи и од низа други фактори како што се: ефикасноста на институциите, економската инфраструктура, ориентација за развој, социјалните вредности, квалитетот на образованието на работна сила, функционирањето на финнасискиот пазар итн.

**Nikoloski, Krume** and Paceskoski, Vlatko and Panova, Sanja (2016). ***Effects of the application of targeting the exchange rate policy in Macedonia.*** Annals of the „Constantin Brânc uşi" University of Târgu Jiu, Economy Series, Issue 1/2016. ISSN 1844-7015. (Indexed in EBSCO).

URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15978

Во овој труд предмет на научна елаборација е монетарниот систем и монетарно-кредитната политика во Република Македонија, особено за проблематиката поврзана со девизниот курс. Исто така во трудот е даден историски преглед на економските состојби од осамостојувањето на Република Македонија па сè до денес. Потенцирани се проблемите во соодветната држава како што се невработеноста, инфлацијата, буџетот, трговскиот дефицит и друго. Понатаму, во мала и отворена економија, политиката на девизниот курс има особено значење во контролата на инфлацијата и надвор од неа како и во реалниот економски трендови. Стратегијата на таргетирање на девизниот курс на денарот беше прифатена и оттука монетарната политика беше фокусирана на одржување на фиксен девизен курс во однос на еврото.

Gorgieva-Trajkovska, Olivera, **Nikoloski, Krume** and Koleva, Blagica and Georgieva Svrtinov, Vesna (2016). ***The role of corporate governance in transition economies: contribution and development.*** Universitatea "Constantin Brâncuşi" din Târgu-Jiu, Issue 5/20166, ISSN 1844-7007. (Indexed in EBSCO).

URL: http://www.utgjiu.ro/revista/?page=curent

Во овој труд се анализираат прашањата поврзани со корпоративното управување кои се особено значајни за транзиционите економии. Исто така, од историски аспект, во трудот е дадена рамката на корпоративното управување и настани од 1600 година до 2004 година. Тразиционите економии не располагаат со воспоставена финансиска институционална инфраструктура неопходна за нивниот развој. Имено, глобалната економска криза во прв план ги истакна проблемите во врска со корпоративното управување, како во развиените земји, така и во економиите во транзиција. Анализирајќи ги последиците од глобалната економска криза, како невидениот колапс на голем број фирми, огромниот раст на невработеноста, како и зголемениот број луѓе кои живеат на границата на сиромаштијата и под неа, можеше да се заклучи дека дел од овие проблеми потекнуваат од различните слабости и неуспеси на корпоративното управување. Покрај воведувањето на бројни правила, кодекси и практики на корпоративно управување, глобалната економска

криза покажа дека е неопходна поефикасна примена на принципите на корпоративното управување. Труд го обработува корпоративното управување, со посебен акцент на земјите во транзиција. А што се однесува до корпоративното управување во Република Македонија, во трудот авторите презентираат прегледна рамка за актуелните состојби.

**Nikoloski, Krume** (2016). ***Strategic human resource management: assessment and evaluation of human resources as factors to achieving better economic performance.*** International Journal of Information, Business and Management, 8 (3). pp. 81-95. ISSN 2076-9202. (Indexed in EBSCO).

URL: http://ijibm.elitehall.com/index4.htm

**Nikoloski, Krume** (2015). ***Leadership and management: practice of the art of influence.*** Annals of the „Constantin Brâncu ş i" University of Târgu Jiu, Economy Series, 1 (2). pp. 31-39. ISSN 2344-3685. (Indexed in EBSCO).

URL: http://www.utgjiu.ro/revista/?page=curent&nr=2015-...

Fotov, Risto and **Nikoloski, Krume** and Foteva, Katerina (2015). ***Efects of globalisation at a changing world***. In: Marketing. Macedonian Marketing Association - Marketing, Skopje, pp. 27-31. (Indexed in EBSCO).

URL: http://mzmarketing.org.mk/Macedonian-Intl-Journal-...

Во трудот авторите ги потенцираат актуелните пршања поврзани со глобализацијата. Тргнувајќи од историјата на економската мисла, глобализацијата се разгледува како средство на примена на доктрината на неолиберализмот и претставува процес на трансформација на локалните или регионалните феномени во глобални рамки. Станува збор за глобализацијата разгледувана од економски аспект. Таа подразбира: интеграција на националните економии во меѓународната економија, директни странски инвестиции, слободни капитални текови, миграција и ширење на технолошки иновации. Глобализацијата како процес во себе вклучува комбинација на економски, технолошки, социокултурни и политички сили. Практиката нагласено ја демантира неолибералната прогноза за економскиот успех во посттранзицискиот период и токму секоја економска теорија, па така и неолибералната, не мора во практиката во потполност да се верифицира. Имено, во трудот се потенцира случајот со ортодоксната либерална класична и неокласична економија кои продуцираа економски кризи на крајот од 19 и на почетокот на 20 век. Исто така, таков случај е и со кејнзијанскиот државен интервенционизам и стопанската стагнација од 70-тите години на 20 век. Светот и економијата во 21 век преживуваат кризни состојби, економска и социјална, од кои тие се поврзани со глад, нееднаквост во распределбата на доход и пристап до природните ресурси. Финансиските кризи вообичаено се прв показател за деловните, односно економските циклуси. Деловните циклуси се карактеристични за капитализмот, како што се својствени земјотресите за геологијата на земјата. Отсекогаш капитализмот ги имал и секогаш ќе ги има. Со тоа и во современи услови се потврдува тезата на Јозеф Шумпетер дека прифаќањето на капиталистичкиот систем, меѓу другото, значи прифаќање и неговата динамика, односно прифаќање на неизбежноста од просперитет кој го прати рецесија и рецесија која ја прати просперитет. Со други зборови, тоа е слабост на капиталистичкиот систем поради што е неопходно отворање на можноста за барање нови системски решенија, пред сè, од аспект на долгорочниот развој.

**Nikoloski, Krume** and Paceskoski, Vlatko (2015). ***Contradictions of the Process of Globalization in the World Economy***. International Affairs and Global Strategy, 33. ISSN 2224-8951, (Indexed in EBSCO).

URL: http://iiste.org/Journals/index.php/IAGS/article/v...

**Nikoloski, Krume** and Miceski, Trajko and Paceskoski, Vlatko (2015). ***Economic Aspects and Significance of SMEs***. European Journal of Business and Management, 7 (33). pp. 61-69. ISSN 2222-2839. (Indexed in EBSCO).

URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14392

**Nikoloski, Krume** (2016). ***Technology and economic development: retrospective.*** Journal of Process Management - New Technologies, 4 (4). pp. 45-50. ISSN 2334-735X.
URL: http://japmnt.com/index.php/current-issue

Следејќи ја научната мисла, ја прикажа историската врска помеѓу технолошкиот прогрес и економскиот развој. Понатаму, во трудот мотивите се насочени кон презентирање на фазите на развој на технолошкиот прогрес и неговиот придонес во економскиот развој, особено во менувањето на економско социјалниот живот. Многу истражувачи на научната мисла, технолошкнот прогрес го изучуваат како една од основните причини за цикличното движење на капиталистичката економија, а други настојуваат да го квантифицираат учеството на технолошкиот прогрес во стапката на пораст на БДП. Во трудот е анализирано значењето на технолошкиот прогрес во општество и авторот дава историска хронолошка рамка за значењето и улогата на научно-технолошките револуции.

**Nikoloski, Krume** and Paceskoski, Vlatko (2016). ***Arthur laffer and theory of supply-side economy: a* revew.** Journal of Economics, ISSN 1857-8632.
URL: http://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/issue/current

**Nikoloski Krume,** and Olivera Gjorgieva-Trajkovskai and Blagica Koleva (2016). ***Corporate governance in transition economies, with reference to institutional framework in macedonia.*** Journal of Economics, ISSN 1857-8632.
URL: http://js.ugd.edu.mk/index.php/JE/issue/current

**Nikoloski, Krume** (2015). ***Charismatic leadership and power: using the power of charisma for better leadership in the enterprises.*** Journal of Process Management – New Technologies, International, 3 (2). pp. 18-27. ISSN 2334–7449 (online)/ 2334–735X (print).
URL: http://www.japmnt.com/index.php/current-issue/86-c...

**Nikoloski, Krume** (2014). ***The Role of Information Technology in the Business Sector.*** International Journal of Science and Research (IJSR), 3 (12). ISSN 2319-7064.
URL: http://www.ijsr.net/v3i12.php#sthash.x82xSS6g.JbQk...

**Nikoloski, Krume** and Dimitrova, Janka and Koleva, Blagica and Miteva-Kacarski, Emilija (2014). ***From Industrial Relations to Employment Relations with Focus on Employee Relations***. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 112-124. ISSN 2307-4531.

Kostadinovski, Aleksandar and **Nikoloski, Krume** and Matlievska, Margarita (2014). ***Measuring and reporting of the healthcare systems performances.*** Journal of Process Management – New Technologies, 2 (3). pp. 30-40. ISSN 2334-7449.
URL: http://www.japmnt.com/index.php/component/content/...

**Трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни собири (конгреси, конференции, симпозиуми) со меѓународен уредувачки одбор**

Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Georgieva Svrtinov, Vesna and **Nikoloski, Krume** (2016). ***Корпоративното управување во транзиционите економии.*** International Journal Knowledge. ISSN 1857-92. Трудот е презентиран.
URL: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16423

Olivera Gjorgieva-Trajkovska, Blagica Koleva, Janka Dimitrova, Krume Nikoloski, Vesna Georgieva Svrtinov (2016). ***Informative Perspective of Financial Disclosure and Its Importance for Capital Market Efficiency***. "Proceedings of IAC-MEBM in Budapest 2016", ISBN 978-80-906231-4-9. (Indexed in EBSCO). Трудот е презентиран.
URL: http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Nikoloski=3AKrume=3A=3A.html

**Nikoloski, Krume** (2014). ***Different economic philosophies between the two dominant schools of economic thought.*** In: Knowledge: International Journal Scientific and applicative papers V- 7 Skopje, 27-29 Nov 2014, Bansko, Bulgaria.
URL: http://www.ikm.mk/treta.pdf

Во трудот авторот ги разработува економските теории на двете доминантни школи од историјата на економската мисла. Станува збор за класичната и кензијаската школа наекономската мисла. Во економскиот живот се сретнуваат двете различни економски филозофии помеѓу две доминантните школи на економската мисла. Од овој аспект, економските појави и процеси еволуираат во секое општество и во различни општествено економски услови. Економскиот процес е вграден во општеството и е во врска со сите аспекти на културниот и економскиот живот. Разбирањето на историските мисли, на економскиот систем и на економската теорија бара подигнување на свеста на социјален, историски и филозофски контекст во којшто тие се развиваат. Важен аспект во проучувањето на економската мисла на класичната и кензијанската школа е да се идентификуваат факторите коишто ги поттикнуваат различните пристапи, проблемии услови на една економија.

**Nikoloski, Krume** and Paceskoski, Vlatko (2014). ***Topical issues of developing countries in the globalization process.*** In: Knowledge: International Journal Scientific and applicative papers, 4. Skopje, 27-29 Nov 2014, Bansko, Bulgaria.
URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11572

**Nikoloski, Krume** and Aleksoski, Ognen and Petrusheva, Borka (2014). ***Economic throught the prism of new Keynesian economics.*** In: International Scientific Conference "Eco-Trend", 28-29 Nov 2014, Targu Jiu, Romania.
URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11583

**Nikoloski, Krume** and Aleksoski, Ognen and Petrusheva, Borka (2014). ***Selection of the human resources as factors in achieving economic results in the process of management.*** In: International Scientific Conference "Eco-Trend", 28-29 Nov 2014, Targu Jiu, Romania.
URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11584

Miceski, Trajko and **Nikoloski, Krume** and Stojovska, Natasa (2014). ***Charismatic leadership as major source of competitive advantage for small and medium enterprises.*** In: SMEs Development and Innovation: Building competitive future of South-Eastern Europe, VIII International Conference, 03-04 Oct 2014, Ohrid, Macedonia. Трудот е презентиран.
URL: http://eccfp.edu.mk/conference2014

Georgieva Svrtinov, Vesna and **Nikoloski, Krume** and Paceskoski, Vlatko (2013). ***Positive and negative effects of financial globalization on developing and emerging economies.*** International Scientific Conference "Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization". pp. 127-128. Трудот е презентиран.
**URI:** http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8586

**Nikoloski, Krume** and Kostadinovski, Aleksandar (2013). ***Rights, interests and responsibilities of business***. International Scientific Conference "Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization". pp. 122-123.
URL: http://unite.edu.mk/mk/%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1...

Fotov, Risto and **Nikoloski, Krume** and Fotova, Katerina (2013). ***Ефектите од глобализацијата на светот што се менува***. Промените во глобалното општество, Трета меѓународна научна конференција. ISSN 978-608-4574-58-3.
**URI:** http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/7931

**Nikoloski, Krume** and Fotov, Risto and Fotova, Katerina (2013). ***Анализа на актуелните аспекти на трудот и негова хуманизација.*** Промените во глобалното општество, Трета меѓународна научна конференција. ISSN 978-608-4574-58-3. Трудот е презентиран.

URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/7908

Во трудот се става акцент на основните вредности на слободата, човечкото достоинство, социјалната правда, безбедност и недискриминација којшто се суштински карактеристики за одржлив економски и социјален развој, ефикасност и постигнување на глобален просперитет. Исто така, во трудот се потенцира на социјалниот дијалог и практиките на трипартитност меѓу владите и репрезентативните организации на работниците и на работодавачите во и надвор од границите како суштина за изнаоѓање на решенија, како и градење на социјална кохезија и владеење на правото. Во трудот се предлага да се изгради модел, кој ќе го одразува духот на добрата практика и ќе ги почитува европските стандарди, од една страна, и ќе овозможи креирање и законско уредување на нов систем на индустриски односи, од друга страна. Станува збор за креирање на две различни институционални форми имајќи ги предвид четирите стратегиски цели на МОТ. На овој начин, авторите преку еден ваков нов концепт, потенцираат дека ќе може да се засили позицијата и функцијата на граѓанинот во општеството за обезбедување и остварување на економските и социјалните потреби во сите сфери на живеење.

***Стручни трудови објавени во домашни зборници на трудови***

**Nikoloski, Krume** and Miceski, Trajko and Pasovska, Silvana (2016). ***Analysis of the contribution of menagement theories***. Yearbook 2016, Faculty of Economics, 9. pp. 49-67. ISSN 1857-76-28.

URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16006

Од историски аспект, авторите ги елаборираат теориите на менаџментот: класична школа за менаџмент, бихевиористичка школа за менаџмент, квантитативна школа - менаџмент на знаење (наука), современа школа за менаџмент и нови пристапи. Во трудот се потенцира изучувањето на теоријата којашто е важна заради неколку причини: теориите ги насочуваат одлуките, теоријата е збир на усогласени претпоставки за односот на две или повеќе појави, којашто дава можност за предвидување на текот на активностите и очекуваните резултати. И на крајот, придонесот на овие теории е втемелен во класична школа за менаџмент, бихевиористичка школа за менаџмент, квантитативна школа - менаџмент на знаење (наука), современа школа за менаџмент и нови пристапи, коишто беа предмет на нашата анализа.

**Nikoloski, Krume** and Miceski, Trajko (2016). ***Theories of the classical and behaviour school for menagement as a base for extension of the menagement thought.*** Yearbook - Faculty of Economics, 9. pp. 35-49. ISSN 1857-76-28.

URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16005

Класичната школа за менаџментот произлегла од потребата за поефикасно користење на материјалот, технологијата, луѓето, затоа што понудата на сето дотогашно постигнување била сиромашна. Со изучување на принципот на рационалното организирање, научно поставените норми и стандарди и објавување и оценување на трудот, оваа школа успева значително да го подобри производството, т.е. ефикасноста на користењето на материјалот, машините и луѓето. Современите разлики на класичната школа за менаџмент се: тим менаџмент, пресметување, регрутирање и сл. менаџерски активности. Бихевиористите ги унапредиле сфаќањата на улогата на поединецот во организацијата, групните процеси, односите во хиерархијата, па укажуваат на значењето на комуникациските вештини за менаџерите со веќе утврденото значење на техничките вештини. Задоволството на работниците е интерпретирано како клучен елемент на продуктивноста и зголемување на економската ефикасност. Но, тоа што влијае на чувството на задоволство останува недоволно испитано. Современата разлика на бихевиористите е концептот на HRM (human resourse menagament) - концепт на управување со човековите ресурси, теорија на раководењето, организацискиот пораст и развиток; комуникации; разрешување на конфликти и друго.

**Nikoloski, Krume** and Miceski, Trajko (2016). ***Theory of menagement the influence of the environmet on the enterprise working***. Годишен зборник 2016 - Економски факултет, 9 (8). pp. 23-35. ISSN 1857-76-28.

URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16004

Од економски аспект, организациите ги земаат инпутите од поголемиот состав од околината, ги преработуваат со користење на операции, процеси на обработка, технологија, менаџмент и ги враќаат на околината во форма на трансформиран аутпути (производи или услуги). Опстојувањето на организацијата зависи од нивната способност на приспособување на потребите на околината. Имено, во трудот се демонстрира влијанието на околината врз работењето на претпријатието. Индустриската револуција којашто го забрзала процесот на ресурисите се смета за врвно достигнување на цивилизацијата. Во тоа време, човештвото е соочено со загубата на озонската обвивка како резултат на напреднатата технологија, на индустриската револуција се гледа како извор или причина за загрозување на опстанокот. Неизвесноста на околината зависи од бројот на учесниците, бројот на промените и непредвидливоста на тие промени. Организациите се зависни од околината со тоа што управуваат со ресурсите коишто се ограничени во однос на потребите. Ресурсите не се еднакво расположливи, врските помеѓу ресурсите и процесот на нивната трансформација се сè покомплексни.

**Nikoloski, Krume** (2015). ***Robert Lucas and the theory of rational expectations.*** Godisen zbornik, 7 (7). pp. 25-33. ISSN 1857-7628.

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14305

Во овој труд авторот ја разработува теоријата на рационалните очекувања. Врз основата на теоријата на рационални очекувања се создаде нова школа во историјата на економската мисла која е наречена нова класична макроекономија (во 80-тите години на 20 век). Во трудот, хипотезата на рационалните очекувања во новата класична макроекономија се однесува на современата конфронтација помеѓу новата класична макроекономија и новата кензијанска економија. Новата класична школа е подложна на критики, односно ѝ се припишуват одредени слабости и недостатоци. Конкретно, критиките во прв ред се насочени кон флексибилност на платите и за способноста на економските субјекти да ги предвидуваат очекувањата и идните настани. Понатаму, критиките се насочени кон способноста на пазарите за моментално урамнотежување. Критика која се однесува за нагласеното негирање на значењето на монетарните фактори за објаснување на економските циклуси. Спротивно на критиките, новата класична економија уште на почеток се здоби со значително голем број на следбеници и тоа посебно меѓу економистите од помладата генерација.

**Nikoloski, Krume** (2014). ***Како до квалитетна економска проценка?*** Yearbook 2014, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 6 (1). pp. 47-56. ISSN 1857- 7628

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11574

Во трудот авторот ја нагласува важноста на економската проценка и нејзиното користење со цел да се определи релативната економска ефикасност на одредена програма или проект. Имено, во трудот, основната задача на економската процена е да ги идентификува, мери и вреднува трошоците и последиците (ефект), имајќи ги предвид споредбените анализи помеѓу различните алтернативни правци.Таа вклучува две главни подрачја: трошоците и последиците на програмата, и да се направи правилен избор во алокацијата на ресурсите. За таа цел, авторот акцентира на континуирано подобрување на истражувањето во економската проценка и со подобрување на раководењето и планирањето во системот на менаџирање ќе се овозможи економски развој во здравствена економија и квалитетот на здравствените услуги. Сите учесници во системот на здравствена заштита треба интензивно да работат во подобрување на нивните истражувања, со цел да се добие поголема вредност за потрошените пари. Есенцијално за економската евалуација е дека сите субјекти вклучени во снабдување и купување на здравствената заштита треба да имаат целосно разбирање за методот кој се употребува.

Stojovska, Natasa and **Nikoloski, Krume** and Miceski, Trajko (2014). ***Корелативна зависност на наталитетот и склучените бракови во Македонија***. Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 6. pp. 109-116. ISSN 1857- 7628.
URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11374

Miceski, Trajko and **Nikoloski, Krume** (2013).***Лидерот како креатор и мобилизатор во извршување на стратегијата на претпријатието***. Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 5 (1). ISSN 1857- 7628.
URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9065

**Nikoloski, Krume** (2013). ***Од методи и постапки на менаџментот до економски развој***. Годишен зборник на Економски факултет. ISSN 1857-7342.
URL: http://js.ugd.edu.mk/index.php/YFE/editor/submissi...

Во контекст на проучување на економската наука, збирот на поединечните креативни идеи ни ја дава сосотојбата во економијата. Од овој аспект, авторот укажува на севкупноста на знаењето коешто е севкупност на совршеното единство меѓу луѓето и меѓучовечките односи. Во трудот, менаџментот е недвојбено работна функција во секоја бизнис организацијата, и тоа е една од темелните функции која интегративно го зафаќа целиот работен и функционален процес. А за да имаме економски развој, менаџерите треба да имаат познавање од економските појави и процеси. Некои од тие постапки можат да помогнат за подобрување на процесите во организацијата, во зависност од начинот на примена или од комбинацијата на различни методи или постапки кои се фокусирани на постигнување на оптимални резултати. Другите пристапи, како што се знаење на менаџментот или организација која учи, се третираат како филозофско и културолошко приспособување на современите услови на работење. Доколку истовремено се применуваат постапки со нумерички показатели и постапки поврзани со промена на организациската култура, се добиваат многу силни менаџерски инструменти за постигнување на економски развој и избор на најповолна економска стратегија.

**Научни и стручни книги**

**Nikoloski, Krume** and Paceskoski, Vlatko (2016). ***Економската мисла на класичната и кензијанската економска школа***. Универзитет „Гоце Делчев"-Штип. ISBN 978-608-244-309-6.
URL: http://e-lib.ugd.edu.mk/538

Економските појави и процеси еволуираат во секое општество и во различни општествено економски услови. Економскиот процес е вграден во општеството и е во врска со сите аспекти на културниот и економскиот живот. Разбирањето на историските мисли, на економскиот систем и на економската теорија бара подигнување на свеста на социјален, историски и филозофски контекст во којшто тие се развиваат. Од овие причини, во книгата се разработуваат и елаборираат економските теории накласичната и кензијанска школа. Станува збор за две доминантни школи на економската научна мисла. Историјата на економската мисла е студија на алтернативни перспективи и објаснувања за тоа како економските процеси и појави функционираат. Важен аспект во проучувањето на економската мисла е да се идентификуваат факторите коишто ги поттикнуваат различните пристапи и перспективи на една економија. Во овој контекст, потребно е да се развијат алатки со чија помош може да се разберат различните пристапи и перспективи во општествено економските услови. Изучување и разбирањето на историјата на економската мисла е релевантна за студентите на Економскиот факултет, бидејќи кога ќе учат за еден предмет потребно е да имаат знаење за тоа како предметот еволуирал да неговата сегашна форма. Студирањето на историјата на економската мисла им помага на студентите за подобро разбирање на внатрешната динамика на одредена тема. Имено, студентите во наставната програма ќе ги изучуваат концептите и теориите кои се резултат од работата на претходните генерации на економисти. Сфаќањето дека економијата се развива како континуиран процес кој продолжува и денес, е само по себе инспирација за оние кои сакаат да се обидат да се здобијат со подобро познавање на оваа тема, а можеби дури и да придонесат за нејзиниот понатамошен развој.

**Nikoloski, Krume** and Paceskoski, Vlatko (2016). ***Економика на претпријатија.*** Goce Delcev University, Stip, Macedonia. ISBN 978-608-244-322-8.

URL: http://e-lib.ugd.edu.mk/543

Учебникот „Економика на претпријатие" пред сè е наменет за студентите на економските и други факултети при совладување на содржината за наставната дисциплина економика на претпријатија. Исто така, учебникот е корисен и за научните работници за нивни продлабочени истражувања на одделни сегменти од економијата на претпријатието, за менаџерите и вработените во претпријатијата кои се непосредно и посредно работат во одреден стопански субјект, како и носителите на економската политика и драгоцена основа за оние коишто сакаат да ги откријат многубројните принципи на економијата и деловните функции во претпријатието. Егзистирањето и функционирањето на претпријатието, имплементирани во сферата на принципите на работа и ефектите од профитот, денес се наметнува како фундирана основа на проширената репродукција и тековите во економијата. Во таа насока, значењето на темите што се обработуваат во трудот е објективно и корисно. Секако дека овој учебник, односно секој труд што претендира совесно и одговорно да ги остварува процесите и проблемите од работата на претпријатието преставува придонес за развојот на економската мисла.

**Nikoloski, Krume** (2013). ***Современи тенденции на јавното здравство.*** Универзитет „Гоце Делчев", Штип. ISBN 978-608-4708-87-2.

URL: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9774

Следењето на современите тенденции во јавното здравство станува професионална активност за добро функционирање на јавно-здравствените системи. А сето ова доведува до унапредување на економскиот и здравствениот развој. Конкретно, во овој учебник авторот го фокусира вниманието кон изучувањето на специфичностите во јавно-здравствениот систем. Клучните теми кои се демонстрирани и објаснети се однесуваат на здравството и здравствена заштита, придонесот и изучувањето на здравсвената економија, финансирањето на здравствената заштита и функционирањето на јавно-здравствениот систем.

Miceski, Trajko and **Nikoloski, Krume** and Pasovska, Silvana (2013). ***Оперативен менаџмент и финансиска поткрепеност на операциите.*** Печатница: Ацетони, Прилеп. ISBN 978-9989-2797-8-2.

URI: http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9815

Менаџментот е универзална активност која се дефинира на различни начини. Функцијата менаџмент се јавува во претпријатијата на сите облици и цели, односно во различни форми на бизнис организации. Во овој учебник посебно се става акцент на оперативниот менаџмент и финансиската поткрепеност на операциите. Мошне популарно е мислењето според кое менаџментот се опфаќа како процес, серија на чекори или насочување на акциите во правец на остварување на дефинираната цел. Менаџментот има организациона улога, поставување на обврски, одговорности и односи во претпријатијата, вклучувајќи ги активностите на расудување и одлучување за плановите, употреба на податоци за контрола на извршувањето и унапредувањето на работењето, како и водење, поврзување, мотивирање и контрола на кадрите во претпријатието и спроведување на активностите. Менаџментот претставува функција чија цел е на ефикасен начин да обезбеди, распоред и ги искористи човечките напори и физичките ресурси и како би се постигнала некоја цел. И на крај со квалитетен оперативен менаџмент може да се реализираат економска ефикасност и во континуите да имаме подобрување на ефективноста.

**Проект**

**Nikoloski, Krume** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Lazarov, Darko and Dimitrova, Janka and Miteva-Kacarski, Emilija and Georgieva Svrtinov, Vesna and Koleva, Blagica (2015). ***Влијанието на квалитетното финансиско известување и корпоративно управување врз ефикасноста на инвестициите и пазарот на капитал во РМ.***

Комисијата со сериозност цени дека професорот Круме Николоски при неговата научноистражувачка работа значително придонесува за осознавање и истражување на

движењата на современите општествено-економски процеси. Кандидатот ги анализира истите и ги следи поновите трендови во соодветните области, користејќи ја научната методологија и потоа ги трансферира овие знаења во неговата наставно-образовна работа.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај реализацијата на настава, наставните програми и неговите научни истражувања, проф. д-р Круме Николоски извршува и други функции на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип и тоа:

- Сенатор во првиот состав на Сенатот на УГД од Факултетот за информатика, 2008-2009;
- Продекан на Економски факултетот - Штип, 2011- 2015;
- Раководител на Катедра за економија, 2009 - 2013;
- Секретар на втор циклус на студии, 2011- 2015;
- Раководител на Катедра за финансии 2014-2015.

Во текот на посочениот временски период, проф. д-р Круме Николоски е избран за член на комисии во телата на Универзитетот и единицата на матичниот факултет каде што работи, односно Економски факултет-Штип. Поважни од нив се следниве:

- член на Комисија за настава и научна дејност;
- член на Комисија за финансии, инвестиции и развој;
- член на Сенат при Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип;
- Член на Универзитетска конкурна комисиа од 2007 до 2013 година;
- член на Комисија за планирање, градење и техничка опрема на Економски факултет-Штип;
- член на Комисија за утврдување на начинот на оценување на активност на студентите;
- член на Комисија за попис на основни средства и ситен материјал на Економски факултет – Штип;
- член на Комисија за проверка на студиско досие;
- Член на деканска управа;
- Член на Комисија за попис на основни средства и ситен материјал на Економски факултет – Штип;
- Член на Уредувачки одбор на научно списание, Годишен зборник на трудови на Економски факултет – Штип за 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 година;
- Со Одлука бр. 0901-664/18 е член на Универзитетска конкурсна комисија од 2.7.2012 година;
- Со Одлука бр. 1202-92/18 е избран за член на работно тело за изработка на елаборати за студенските програми на втор циклус студии од 12.5.2016 година;
- Со Одлука бр. 1202-63-62/6 е избран за член на Комисија за утврдување на членови на комисии за плагијати на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- Со Одлука бр 1202-87/3 е член на Комисија одговорна за прием на документи и уписи на студенти на прв циклус студии за учебната 2016/2017 на Економски факултет – Штип од 26.4.2016 година;
- Со Одлука бр.17.02-353/8 е определен за ментор на студиските програми на Економски факултет - Штип;
- Со Одлука бр. 0701-653/8 е член на Комисија за наставна и научна дејност од 12.6.2014 година;
- Со Одлука бр.0701-1437/5 на кандидатот му е верфициран мандат на челен на Универзитетскиот сенат, претставник на Економскиот факултет.

Кандидатот д-р Круме Николоски има исклучително богата активност во повеќе свери на наставно-научната дејност, научноистражувачката и апликативно-раководната активност. Земајќи го предвид широкиот дијапазон на неговиот интерес и неговата активност како професор, научник и истражувач, неспорен е впечатокот за исклучителноста на неговиот интелектуален капацитет.

Во овие рамки од особено значење е развојната дејност на кандидатот која има третман на посебен системски сегмент, кој се усогласува со генералните барања и стандарди врзани и условени со професионалниот развој и негово напредување.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16.5.2014 год.), како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Круме Николоски, вонреден професор, го има надминато минимумот од 100 поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност (НО=40), научноистражувачката дејност (НИ=45) и стручно-апликативната и организационо-развојна дејност (САОР =15) за избор во редовен професор.

Врз основа на изложеното, Комисијата го потврдува научниот и стручен развој на кандидатот и значајниот придонес кој го дава во областа на историјата на економската мисла, односно во економијата и економските теории.

При анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научно истражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатот може да се констатира дека д-р Круме Николоски реализира континуиран развој и постигнал значајни резултати во секој сегмент од наведените дејности од областа на економската научна мисла.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисијата едногласно и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економски факултет – Штип да го усвои позитивниот извештај за избор во редовен професор во наставно-научната област историја на економската мисла и да достави Предлог-одлука до Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,**д-р Круме Николоски да го избере во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област историја на економската мисла.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајко Мицески, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Тодор Тодоров, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Димко Димков, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање помлад асистент | |
| 2 | Избор во звање асистент | |
| 3 | Избор во звање доцент | |
| 4 | Избор во звање вонреден професор | 40 |
| | **Вкупно (НО)** | **40** |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени во земјава | Поени во странство |
|---|---|---|---|
| 1 | Монографија или научна книга (р.бр. 40 во странство, р.бр. 41 во земјата) | 10 | 15 |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | - | - |
| 3 | Прегледен труд (СЦИ/ЦА/останати) | - | |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) (р.бр.1,2,3,4,5,6,7,8,9,10, – ЦА; р.бр. 11,12,13,14,15,16,17,18,19,20 – останати) | 10 x 6 = 60<br>10 x 3 = 30 | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (р.бр. 21,22,23,24,25,26, во странство); ( р.бр.32,33,34,35,36,37,38,39, во земјава); | 8x1=8 | 6x2=12 |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | - | - |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | - | - |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт (Загреб и Мостар) | - | - |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство (р.бр. 27,28,29,30,31 во земјава;) | 5x1,5=7,5 | - |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | **-** | - |
| 11 | Одбранет магистерски труд | **-** | - |
| 12 | Раководител на научен проект (р.бр. 44 во земјава) | 1x4=4 | |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | |
| 14 | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | - | |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати), (од 2007до 2016/останата) | | |
| 16 | Уредник на зборник на трудови | - | - |
| 17 | Уредник на зборник на трудови од научен собир | - | - |
| 18 | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | - | - |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | - | - |
| 20 | Основач на научна лабораторија (СКИП лабараторија) | - | |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди (труд со р.бр. 4) | / | / |
| 22 | Студиски престој во странство | - | |
| 23 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) ( 6 труда од СЦИ, 3 од ЦА и 5 останати) | | |
| 24 | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | - | - |
| **Вкупно (НИ)** | **121,5** | | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Книга | 4x10= 40 | - |
| 2 | Поглавје од книга (р.бр. 42 и 43) | - | - |
| 3 | Речник | - | - |
| 4 | Стручна монографија | - | - |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | - | - |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | - | - |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | - | - |
| 8 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | - | - |
| 9 | Уредник на стручно списание | - | - |
| 10 | Член на уредувачки одбор на стручно списание (Годишен зборник на трудови на Економски факултет: 2007,2008,2009, 2011,2012,2013,2014,2015,2016) | 9x0.5=4,5 | - |
| 11 | Уредник на зборник на трудови од стручен собир | - | - |
| 12 | Председател на организационен или програмски одбор на стручен собир | - | - |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | - | - |
| 14 | Прифатени иновации, патент | - | - |
| 15 | Техничко унапредување | - | - |
| 16 | Изработен и рецензиран програмски пакет | - | - |
| 17 | Елаборати и експертизи (член на работно тело – за втор и трет циклус настудии) | 2x2=4 | - |
| 18 | Изготвување на извештаи од анализи | - | - |
| 19 | Стручни награди и признанија (Општина Радовиш) | - | - |
| 20 | Ректор | | |
| 21 | Проректор | - | |
| 22 | Претседател на универзитетски или владини тела (нострификација) | - | |
| 23 | Декан | - | |
| 24 | Продекан | | |
| 25 | Шеф на институт | - | |
| 26 | Раководител на завод | | |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела (член на сенат; член на комисија: Одлука,0701-653/8 и Одлука 0901-664/18;) | 1x5=5<br>1x1 =1<br>1x1 =1 | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 2x2 = 4 | |
| 29 | Член на институтски орган, комисија | - | |
| 30 | Класен раководител, согласно со Кредит трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | - | |
| **Вкупно (САОР)** | **59,5** | | |

| **Вкупно (НО + НИ + САОР)** | **221** |
|---|---|